Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Државен управен инспекторат
Inspektorati Shtetëror Administrativ

Бр. - Nr 04-460/15
26.12.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Архивски број
Дата

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и бр.99/2022), директорот на Државниот управен инспекторат донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат за унапредување по интерниот оглас бр.1/2023**

1.По спроведената постапка за унапредување во Државниот управен инспекторат по интерниот оглас бр.1/2023 за унапредување на 4 (четири) административни службеници, објавен на ден 11.12.2023 година на веб страната на Државниот управен инспекторат и веб страната на Агенција за администрација, се врши избор на следниот кандидат:

-За работното место ИНС 01 01 В01 001 Советник инспектор во Одделението за вршење на инспекциски надзор северозапад, Одделение за инспекциски надзор за северозападен регион, Сектор за вршење на инспекциски надзор Запад, **се избира кандидатот:**

**-Ветим Рустеми**

2.Изборот на кандидатот е извршен врз основа на Финална-ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат на Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение Бр.04-460/9 од 19.12.2023 година.

3.Во рок од пет дена по конечноста на одлуката, директорот на Државниот управен инспекторат ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

4.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Државниот управен инспекторат, по добиеното Известување за обезбедени финансиски средства Бр.18-12326/2 од 13.11.2023 година, од Министерството за финансии, на ден 11.12.2023 година објави интерен оглас бр.1/2023 за унапредување на 4 (четири) административни службеници, на веб страната на Државниот управен инспекторат и на веб страната на Агенција за администрација.

На објавениот интерен оглас бр.1/2023 за унапредување на 4 (четири) административни службеници распоредени на 4 работни места, за работното место под реден број 2:Советник инспектор во Одделението за вршење на инспекциски надзор северозапад, Одделение за инспекциски надзор за северозападен регион, Сектор за вршење на инспекциски надзор Запад, се пријавил само 1 кандидат.


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев " бр. 5,кат 1
Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3223 965
www.duinspektorat.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

На ден 20.12.2023 година, Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-460/9 од 19.12.2023 година, спроведе административна селекција, односно изврши увид во доставената пријава и приложените докази за работното место под реден број 2 од интерниот оглас бр.1/2023 и за истото изготви Записник од административна селекција за интерен оглас бр.1/2023, Бр.04-460/11 од 20.12.2023 година, со прилог Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју.

На ден 25.12.2023 година Комисијата за селекција за унапредување, во просториите на Државниот управен инспекторат спроведе интервју за работното место под реден број 2, со единствениот пријавен кандидат кој како уреден ја помина административната селекција и уредно беше поканет и на интервју. За одржаното интервју Комисијата за селекција за унапредување состави Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју Бр.04-460/13 од 25.12.2023 година, со прилог Список на кандидати со кои е спроведено интервјуто со освоени бодови од интервјуто и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

По спроведената целокупна постапка согласно Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување до директорот на Државниот управен инспекторат достави Записник од административна селекција за интерен оглас бр.1/2023, Бр.04-460/11 од 20.12.2023 година, со прилог Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју Бр.04-460/13 од 25.12.2023 година со прилог Список на кандидати со кои е спроведено интервјуто со освоени бодови од интервјуто и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

Согласно член 52 став 1 од Законот за административни службеници, во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е должно да донесе одлука за избор.

Согласно член 52 став 6 од Законот за административни службеници, секретарот односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник.

Врз основа на наведеното, директорот на Државниот управен инспекторат одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација–Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен.

**Директор,**
**Кети Василеска**

ДОСТАВЕНО ДО:

-кандидатот;


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев " бр. 5,кат 1
Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3223 965
www.duinspektorat.mioa.gov.mk